**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Зорица Симиќ**
**именуван за подрачјето на**
**Основен Граѓански Суд Скопје и**
**Основен Кривичен Суд Скопје**
**ул.Пролет бр.11А/1-5**
**тел. 02/3222-532;**
**info@izvrsitelsimik.mk**

**Образец бр.66**

**И.бр. 248/2023**

Извршителот Зорица Симиќ од Скопје како избран извршител согласно чл.74 ст.3 од ЗИ, кој ќе продолжи да постапува по извршниот предмет И.бр.126/23 заведен кај Извршител Снежана Андреевска, врз врз основа на барањето за спроведување на извршување од заложен доверител НЛБ банка АД Скопје од Скопје со ЕДБ 4030993191133 и седиште на ул.Мајка Тереза бр.1, засновано на извршната исправа Нотарски акт – Договор за залог (хипотека) врз недвижност од прв ред ОДУ бр. 699/06 од 25.12.2006 на Нотар Нада Палиќ, против должникот/заложен должник Зоран Јазаџиевски од Скопје со живеалиште на ул.Мавровска бр.19 и заложен должник Даниел Вељановски од Скопје со живеалиште ул.Стив Наумов бр.7-2 (по барање за извршување и извршна исправа), а по добиен податок од МВР ул.Париска бр.6/67-18, за спроведување на извршување во вредност 30.771.17 ЕУР во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на денот на исплатата, на ден 30.03.2026 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРВА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА ПРВА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како:
- КП бр.10719, адреса (улица и куќен број на зграда) Р.Жинзифов 24, бр.на зграда/друг објект 1, намена на згр. преземена при конверзија на податоците од стариот ел.систем стамбена зграда - стан, влез 001, кат 01, број 004, со внатрешна површина 36 м2 и
- КП бр.10719, адреса (улица и куќен број на зграда) Р.Жинзифов 24, бр.на зграда/друг објект 1, намена на згр.преземена при конверзија на податоците од стариот ел.систем лоѓии, балкони и тераси, влез 001, кат 01, број 004, со внатрешна површина 2 м2 ,

со право на сосопственост од по 1/2 идеален дел на должникот/заложен должник Зоран Јазаџиевски и заложниот должник Даниел Вељановски, запишана во имотен лист бр.44000 за КО Центар 1, со сите припадоци и прирастоци.

Продажбата ќе се одржи на ден 30.04.2026 година во 11:00 часот во просториите на Извршителот Зорица Симиќ од Скопје на адреса ул.Пролет бр.11А/1-5.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок И.бр.248/2023 на извршител Зорица Симиќ изнесува 85.487,00 ЕУР во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на денот на продажбата како почетна цена за продажба на недвижноста, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености Налози од извршител, заложно право-хипотека.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр.210076994090253 која се води кај НЛБ Банка АД Скопје и даночен број 5080023512272, со назнака гаранција за И.бр.248/2023.

Данокот на промет на недвижности и други трошоци во врска со пренос на правото на сопственост паѓаат на товар на купувачот.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Зорица Симиќ

Х ______________________________

Д.-на: заложни должници
заложен доверител
Извршител Игор Антевски
Извршител Методија Костадинов
претходни доверители
УЈП – Регионална дирекција Скопје
Град Скопје - Одделение за наплата на даноци
архива на извршител

**Правна поука:** Против овој акт може да се поднесе приговор до Основниот суд на чие подрачје извршувањето или пак дел од него се спроведува, согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.